**ОСНОВЕН СУД**
**-КОЧАНИ**
**Су.бр.1423-6/19**
**06.11.2019 год.**

Судскиот администратор на Основен суд Кочани, Марија Стојанова, врз основа на член 36 од Законот за судска служба и чл.15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба, по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/19 за вработување на судски службеник за работно место „дактилограф“ 1 (еден) извршител, по доставениот предлог на кандидат за вработување од Комисијата за селекција за вработување СУ-1423-5/19 од 05.11.2019 година, на ден 06.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место „дактилограф“ 1 извршител, **се избира кандидатот ВИКТОРИЈА СТОИМЕНОВА од Кочани.**

Решение за вработување со избраните кандидати ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Кочани во дневните весници „Вечер“ и „Lajme“ објавен е Јавен оглас бр.2/19 за вработување на судски службеник за работно место „дактилограф“, 1 (еден) извршител.

По спроведената постапка за вработување, од страна на Комисијата за Селекција за вработување при Основен суд Кочани до Судскиот администратор е доставен предлог- кандидатот Викторија Стоименова од Кочани да се вработи како судски службеник со звање судски референт на работно место дактилограф,категорија Г ниво 3, бидејки е најдобро рангиран кандидат-прв на ранг листата.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот за најдобро рангиран кандидат заведен под СУ-1423-5/19 од 05.11.2019 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување, за работното место „дактилограф“, го избра кандидатот Викторија Стоименова од Кочани.

Поради наведеното Судскиот администратор, согласно член 36 од Законот за судска служба и член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба, одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Марија Стојанова

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршениот избор до Советот на судска служба.
(Жалбата се доставува преку Основен суд Кочани).